**Влада на Република Северна Македонија**
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР
за период април 2018 - јуни 2021 година

Скопје, јуни 2021 година

## I. Надлежности и состав на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е формиран со решение на Владата на Република Северна Македонија на 3.4.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.66/18, 123/18 и 228/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.110/19, 187/19, 263/19, 44/20 и 257/20), а врз основа на член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 98/16, 164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр. 97/19).

Советот е составен од 31 член назначени од Владата, од кои 15 членови од редот на вработените во органите на државната управа: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Секретаријат за европски прашања и Агенција за млади и спорт и 16 членови на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, преку јавен повик, за областите:развој на граѓанскиот сектор, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, земјоделство и рурален развој, култура, медиуми и информатичко општество, заштита на животната средина, спорт и ЕУ интеграции и политики. Мандатот на претседателот и членовите на Советот е три години, со право на уште еден избор.

Составот на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е даден во Прилог бр.2, кој е составен дел на овој Извештај.

Советот, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, надлежен е да: ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор; иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите; дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор; го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор; учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата; дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната управа и дава препораки за нејзино унапредување; дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот; ги разгледува годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки; разгледува предлози на организации и зазема ставови по прашањата од негова надлежност; усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

Административно-техничките работи на Советот ги врши Генералниот секретаријат на Владата – Одделение за соработка со невладини организации.

На седницата одржана на 14.5.2018 година, Советот по пат на тајно гласање избра претседател од членовите од редот на граѓанските организации, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество-Македонија Скопје и заменик претседател од редот на членовите од органите на државната управа, Гордана Гапиќ-Димитровска од Министерството за информатичко општество и администрација.

Со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РСМ“ бр.116/21), од 28.5.2021 година, името на ова советодавно тело на Владата се измени во **Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**.

## II. Одржани седници и разгледани материјали од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во периодот од април 2018 година до јуни 2021 година

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од своето формирање до април 2021 година одржа вкупно 32 седница, од кои 8 седници беа одржани во текот на 2018 година, 10 седници во текот на 2019 година и 9 седници во текот на 2020 година, додека пак во 2021 година заклучно со месец јуни беа одржани 5 седници. Седниците на Советот во 2020 и 2021 година се одржаа како дописни седници, согласно Деловникот за дополнување на деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, бр.38-29/1 од 28.10.2019 година, освен 23. седница која беше одржана со физичко присуство и со запазување на сите препорачани мерки за заштита од Ковид-19.

Дневниот ред, материјалите по одделните точки од дневниот ред и записниците од сите досега одржани седници се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk во посебниот дел наменет за Советот.[1]

Во периодот од 2018 година, заклучно со јуни 2021 година, Советот за соработка со развој на граѓанскиот сектор разгледа вкупно 63 материјали, од кои 38 на предлог и/или подготвени од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, 5 на предлог на член од редот на вработените во органите на државната управа (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Секретаријат за европски прашања и Министерството за информатичко општество и администрација) и 20 на предлог на членови од редот на организациите.

**На предлог на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат:**

- Експертско мислење и препораки - Анализа на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на брзиот твининг проект „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“, финансиран од Европската Унија,
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (март 2019 година),
- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (април 2021 година),
- Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (јули 2019 година),

[1] https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/100

- Предлог-Деловник за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (септември 2019 година),
- Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (април 2021 година),
- Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (јуни 2021 година),
- Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година,
- Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година,
- Извештај за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2020 година,
- Извештај за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за периодот април 2018 – април 2021 година,
- Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор[2], со Акциски план 2018-2020[3],
- Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018 – 2020), во 2018 година,
- Квартален извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (јануари – март 2019),
- Квартален извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (јули – септември 2019),
- Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2019 година,
- Извештај за спроведените активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020),во 2020 година,
- Прегледна нереализирани активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020),
- Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година,
- Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2017 година и Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во 2017 и 2018 година,
- Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година[4],
- Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година,
- Извештај од процесот на консултации за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година
- Предлог-Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година,

[2] https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Strategija%202018%20-%202020%20usvoena%209%2010%202018_0.pdf
[3] https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Akciski%20plan%202018-2020%20usvoen%209%2010%202018_0.pdf
[4] https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Predlog-programa.pdf

- Предлог-Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансиска поддршка на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија,
- Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата,
- Предлог-одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата,
- Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата (со образец на Пријава со предлог-проект и образец на Буџет со оправданост на трошоци),
- Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со Covid-19 кризата,
- Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година,
- Предлози за изменување на Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите,
- Анализа на Законот за сметководство на непрофитните организации, подготвена од Центарот за даночна политика Скопје и Здружението Конект Скопје, во рамките на проектот „Промени за одржливост", финансиран од Европската Унија[5],
- Заклучоци од јавната дебата на тема: „Игра на среќа врз несреќните – јаболко на раздорот", одржана на 6.7.2018 година, во организација на Полио Плус – движење против хендикеп, како дел од проектот „Margina Obscura" поддржан од Европската Унија,
- Предлог-Национална стратегија за развој на концептот на едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија (презентирана од Националниот координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка),
- Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година,
- Преглед на активности по Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.
- Предлог-образец на пријава за воспоставување нов регистар на граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk,
- Јавен повик за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите,

**На предлог на членовите од редот на вработените во органите на државната управа:**

- Предлог на Закон за социјална заштита (на предлог на Министерството за труд и социјална политика),
- Нацрт-упатство за регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош (ЦДАД), подготвено од Секретаријатот за европски прашања,
- Годишен извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата за 2018 година, подготвен од Министерството

[5] https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Analiza-na-makedonski-jazik-WEB_0.pdf

за информатичко општество и администрација, во соработка со Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат.

- Известување за реализација на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD) (на предлог на Министерството за локална самоуправа),

- Тематски приоритети на грантисти на Цивика мобилитас (по Платформи за соработка), на предлог на Министерството за труд и социјална политика.

**На предлог на членовите од редот на организациите:**

- Нацрт-План за комуникација на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,

- План за комуникација во областа заштита на маргинализираните лица, (подготвен од Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје),

- План за комуникација во областа економски и одржлив развој (подготвен од Центарот за економски анализи Скопје),

- Нацрт-Анализа на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 год. до прва половина на 2019 год.) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од други земји и Предлог-модел на фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проекти во РСМ,

- Записник од спроведениот консултативен процес со здруженијата и фондациите од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по текстот на „Анализата на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017г. до првата половина на 2019г.) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ проектите во РСМ

- Извештај од учеството на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во својство на набљудувачи,

- Реакција на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за намалување на финансиската поддршка за граѓанските организации,

- Информација за преземени мерки од страна на здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19 и барање за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во соодветните „антикризни тела“,

- Извештај на членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од учество во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата,

- Соопштение до јавноста по повод учеството на членовите на Советот во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата,

- Студија за политики - Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија со посебен осврт и предлог-решенија во делот на авторските договори (подготвена од Центарот за економски анализи и Finance Think)[6],

- Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во Европската Унија,

---

[6] https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2018/10/Fizichki-litsa-vo-sistem-na-DDV.pdf

- Презентација на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите“, имплементиран од Фондација Отворено општество – Македонија, во партнерство со Евротинк-Центар за европски стратегии, Центар за граѓански комуникации и Реактор – Истражување во акција, а финансиски поддржан од Европската Унија,
- Анализа за поврзаноста на говорот на омраза со делата од омраза за периодот 2014-2018 септември (подготвена од Хелсиншкиот комитет за човекови права),
- Хронологија на нападите на ЛГБТИ Центарот за поддршка (подготвена од Хелсиншкиот комитет за човекови права),
- Извештај со предлог мерки/барања до надлежните институции, за состојбите со говорот на омраза и делата од омраза и нападите на ЛГБТИ центарот за поддршка,
- Барање за унапредување на учеството на граѓанските организации во процесот на подготовка на Законот за здравствена заштита,
- Информација за учеството на јавноста во процесот на изготвување на Стратегијата на развој на енергетиката и барањето на граѓанските организации од 31.7.2018 година за активно вклучување во работните групи за изработка на документот (подготвена од Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје),
- Информација за учеството на јавноста во донесувањето одлука во врска со проектот „Национален гасовод-делница 5-Скопје-Тетово-Кичево“ (подготвена од Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје),
- Информација за учеството на граѓанскиот сектор во донесувањето одлука во врска со случајот „Национален парк Маврово и планираните хидропроекти на неговата територија“ (подготвена од Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје).

**Материјали, мислења и препораки на Советот доставени до Владата на Република Северна Македонија и ресорните министерства:**

- Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2018 година,
- Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година,
- Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2020 година,
- Мислење до Владата по Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,
- Мислење до Владата, со забелешки и препораки по Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020;
- Мислење до Владата по Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018 – 2020), во 2018 година,
- Известување за нереализирани активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, со барање Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство да доставaт ажуриран статус на спроведување на активностите, односно

образложение на причините поради кои активностите не се реализирани и рок во кој се планира нивното спроведување.

- Анализа на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ,
- Мислење до Владата со забелешки и препораки по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година,
- Реакција на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за намалување на финансиската поддршка за граѓанските организации,
- Информација за преземени мерки од страна на здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19 и барање за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во соодветните „антикризни тела“,
- Мислење до Владата по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата и Предлог-одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата, со номинација на два члена на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата,
- Мислење до Владата по Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата;
- Барање до сите министерства за доставување на мислење по предлог-приоритети и активности за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Предлог-буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година,
- Препорака до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да ги имаат во предвид заклучоците од јавната дебата на тема: „Игра на среќа врз несреќните – јаболко на раздорот“ со цел реформа на начинот на финансирање на организациите на лица со хендикеп и воспоставување модел кој ќе ѝ овозможи на државата потранспарентно и целисходно да ги дистрибуира средствата од игрите на среќа и забавни игри кон организациите на лица со хендикеп.
- Препорака до Министерството за финансии да ги има во предвид заклучоците и препораките содржани во Студијата за политики - Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија со посебен осврт и предлог-решенија во делот на авторските договори,
- Мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по Годишниот извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата за 2018 година,

За подготовка на дел од горенаведените акти и материјали, во текот на три годишниот мандат Советот формираше работни групи, и тоа:

1. Работна група за изработка на Деловник за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во состав: Гордана Гапиќ – Димитровска, Уранија Пировска и Андреја Стојковски. Во работата на работната група учествуваше и претставник на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, Сузана Никодијевиќ-Филиповска;
2. Работна група за изработка на предлог за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и на Деловникот за

работа на Советот, во состав: Гордана Гапиќ-Димитровска, Уранија Пировска, Лилјана Јоноски и Зоран Илиевски,

3. Работна група за изработка на План за комуникација на Советот, во состав: Ели Чакар; Сабина Факиќ; Ирена Цветковиќ и Павлина Симоновска - претставник од Хелсиншкиот комитет за човекови права.
4. Работна група за утврдување на предлог-приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, методологија и критериуми за распределба на средствата, во состав: Гордана Гапиќ- Димитровска, Лилјана Јоноски, Ана Чоловиќ-Лешоска, Зоран Илиевски и претставник од Одделението за соработка со невладини организации.
5. Работна група за изработка на Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, во состав: Фани Каранфилова Пановска; Ана Чоловиќ Лешоска; Уранија Пировска; Марјан Николов; Сабина Факиќ; Лилјана Јоноски; Христина Конеска Бероска;

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на 16.седница одржана на 28.10.2019 година, го разгледа и прифати барањето за присуство на претставници на Одделението за соработка со невладини организации на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија на седниците на Советот.

## III. Номинирани претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела

Со Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.38-22/1 од 4.7.2019 година, се уреди постапката за номинирање претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела, кога Владата, орган на државната управа или граѓанска организација ќе достават до Советот барање за номинирање на еден или повеќе претставници на граѓанскиот сектор во работни групи за изработка на јавните политики, комисии, комитети, советодавни тела и други форми на учество. Согласно овие одредби од Деловникот, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор номинираше **53 претставници на граѓанскиот сектор во 16 советодавни и работни тела**:

- два члена и еден заменик член, претставници на граѓанскиот сектор, во Секторската работна група за регионален и локален развој, по барање на Министерството за локална самоуправа,
- шест претставници на граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот на спроведувањето на ИПА 2012-2020, по барање на Секретаријатот за европски прашања,
- шест претставници на граѓанскиот сектор како членови и заменици членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017, по барање на Министерството за труд и социјална политика,
- три членови, претставници на граѓанскиот сектор, во Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика“ за ревизија на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика – ЕСРП 2020, по барање на Министерството за труд и социјална политика,
- три претставници на граѓанскиот сектор во работна група за изработка на предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи, по барање на Министерството за внатрешни работи,
- два члена на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од

Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, по барање на Генералниот секретаријат на Владата,

– три претставници на граѓанскиот сектор со предлог за начинот на кои би се вклучиле во имплементација на Еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола. Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемувањето на концентрацијата на PM10 и PM2.5, согласно заклучок од 158.седница на Владата,

– еден претставник на граѓанскиот сектор за член на Комитетот за управување со сливот на Охридското езеро, по барање на Националната комисија за УНЕСКО,

– два членови на Советот во Комисијата за распределба на средствата по Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата, по барање на Владата,

– осум претставници на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3, по барање на Министерството за локална самоуправа,

– три претставници на граѓанскиот сектор во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија, по барање на Министерството за труд и социјална политика,

– два претставници на граѓанскиот сектор за учество во работата на Главниот штаб за управување со кризи, без право на глас, по барање на Главниот штаб за управување со кризи

– еден претставник на граѓанскиот сектор за учество во Работната група за следење на напредокот во спроведување на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021), по барање на Националниот координатор за одговорно владеење и транспарентност

– два членови на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по барање на Генералниот секретаријат на Владата,

– три претставници на граѓанскиот сектор за членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство од редот на здруженијата, по барање на Министерството за труд и социјална политика,

– пет претставници на граѓанскиот сектор за учество во Работната група за изработка на измени и дополнување на Законот за здруженија и фондации, по барање на Министерството за правда.

На последната, 32. седница, одржана на 3.6.2021 година, Советот иницираше постапка за формирање на Работна група за реформа на системот на државното финансирање на граѓанските организации.

Листата на номинирани претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела е содржана во Прилог бр.1, што е составен дел на овој Извештај.

## IV. Активности на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, како административно-техничка поддршка на Советот

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата се грижи за обезбедување на услови за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, му помага на претседателот на Советот во подготвувањето и организирањето на седниците на Советот, ги подготвува записниците од седниците на Советот, одржува електронска база на податоци за работата на Советот на

www.nvosorabotka.gov.mk[7]каде ги објавува дневниот ред, материјалите по одделните точки од дневниот ред и записниците од седниците на Советот, се грижи за стручно-организационите прашања и за унапредување на работата на Советот.

Во рамките на твининг проектот „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“ финансиран од Европската Унија и спроведуван од Канцеларијата за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска, во јуни 2018 година се одржаа две работилници за членовите на Советот, за оперативно планирање[8] и за ефективна комуникација[9].

На 5.7.2018 година се одржа тркалезна маса на тема „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“, за презентација на клучните мерки од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и улогата на Советот во спроведувањето и следењето на овој стратешки документ[10].

